# Закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција

**Член 1**

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15 и 53/16), во член 5 алинејата 8 се менува и гласи:
„- поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и“.

Алинејата 9 се брише.

**Член 2**

Во членот 7 став 3 во точката 4) точката и запирката се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:
„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“

Точката 6) се брише.

**Член 3**

Одредбите од членот 7 став 3 точка 5) од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15 и 53/16), и одредбите од членот 2 од овој закон со кој членот 7 став 3 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 4**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.